Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2025 година.

Бр. 08-1284/1
24 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008, 51/11, 135/11, 106/14, 154/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 302/20, 122/21, 67/22 и 65/23), во член 11 во ставовите 1, 4 и 5 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

## Член 2

Во член 12 во ставот 1 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

## Член 3

Во член 15 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

## Член 4

Во член 26-а во ставот 2 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 5

Во член 40 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 42 во ставот 1 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 7

Во член 43-а во ставовите 3 и 4 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 8

Во член 45-а во ставот 1 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 9

Во член 45-г во ставот 1 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 10

Во член 49 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 11

Во член 50 по зборовите: „надворешни работи“ се додаваат зборовите: „и надворешна трговија“.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.